Врз основа на член 12 од Уредба за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2013, 81/2013, 181/2013, 01/2014 и 101/2014),

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К

за инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери

## I. Предмет на јавниот повик

Се објавува јавен повик за доставување предлог за користење на средства и покривање на трошоци за инвестициони вложувања и воспоставување на научно -демонстративни примери преку изградба и одржување на ткн модел фарми во кои ќе се практикува производство на саден материјал и негов развој низ целиот животен циклус на културата, на отворен простор и во пластеници, како демонстрација на нови и современи производни пракси.

Преку овие модел фарми ќе се аплицираат најновите научни сознанија во земјоделската наука, а земјоделскиот сектор ќе се образува за новите трендови на светското земјоделство.

## II. Право на учество во постапката

Јавни научни установи и самостојни научни работници согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Законот за високото образование, Законот за средното образование, Законот за стручното образование и обука и Законот за образование на возрасните.

## III. Потребна документација за учество на јавниот повик

Учесниците на јавниот повик задолжително се должни да достават:

- предлог за користење на помош за инвестициони вложувања за воспоставување на научно -демонстративни примери

Предлогот за користење за учество на јавниот повик се доставува во еден оригинален примерок, потпишан од учесникот на јавниот повик како предлагач.

Предлозите за користење се поднесуваат во **рок од 5 (пет) денови од денот на објавувањето** на јавниот повик во дневниот печат и на веб-страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предлогот за користење и придружната документација се доставуваат во затворен коверт на кој на задната страна во горниот лев агол треба да стои ознака „Инвестициони вложувања и воспоставување на научно-демонстративни примери“, а во средината „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", улица „Аминта III“ број 2, 1000 Скопје.

**Некомплетни и ненавремени предлози нема да се разгледуваат**.

## IV. Постапката за избор на корисници по јавен повик

Комисијата за избор на корисници по јавен повик, формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, врши избор на предлозите врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| **Критериум** | **Бод** |
|---|---|
| Реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството: | 30 |
| Директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството. | 15 |
| Здружување на корисниците на поддршка, јавно-приватно партнерство или други форми на партнерство со поголем број на корисници | 15 |
| Оддржливост по реализација на поддршката | 35 |
| Претходно искуство во реализација на активностите | 15 |
| Сопствено или учество од други извори на финансирање | 10 |

**Комисијата за прифатливи ќе ги оцени предлозите кои ќе освојат повеќе од 50 бода.**

## V. Доделување на средствата

Висината на одобрените средства ќе биде дефинирана со договори потпишани од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со избраните корисници врз основа на записник за избрани корисници.

## VI. Прилози на јавниот повик

- упатство за изработка на предлогот за користење на помош за инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери и
- листа на потребна придружна документација

## VII. Дополнителни информации

За дополнителни информации заинтересираните може да ја посетат интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **www.mzsv.gov.mk** каде што се објавени јавниот повик, „упатство за изработка на предлогот за користење“ и листата на потребна придружна документација.